*Прилоī бр. 2*

# РЕФЕРАТ
## ЗА ИЗБОР НА АСИСТЕНТ ВО НАСТАВНО-НАУЧНАТА ОБЛАСТ КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО, ИНФОРМАТИКА И РОБОТИКА НА ФАКУЛТЕТОТ ЗА ИНФОРМАТИЧКИ НАУКИ И КОМПЈУТЕРСКО ИНЖЕНЕРСТВО ВО СКОПЈЕ

Врз основа на конкурсот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство – Скопје, објавен во весниците „Нова Македонија“ и „Коха“ од 22.4.2026 година, за избор на асистент во наставно-научната област компјутерско инженерство, информатика и роботика, и врз основа на Одлуката на Наставно-научниот совет, бр. 10, донесена на 21.5.2026 година, формирана е Рецензентска комисија во состав: д-р Владимир Трајковиќ, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, д-р Андреа Кулаков, редовен професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, и д-р Петре Ламески, вонреден професор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, Универзитет „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје.

Како членови на Рецензентската комисија, по прегледувањето на доставената документација го поднесуваме следниов

## ИЗВЕШТАЈ

На објавениот конкурс за избор на асистент во наставно-научната област компјутерско инженерство, информатика и роботика, во предвидениот рок се пријави само кандидатот м-р Славе Темков.

### 1 БИОГРАФСКИ ПОДАТОЦИ И ОБРАЗОВАНИЕ

Кандидатот м-р Славе Темков е роден 1999 година во Кавадарци, каде што го завршил своето основно и средно образование со одличен успех. Во 2017 година се запишал на додипломски студии на ФИНКИ, на насоката Компјутерски науки и инженерство (КНИ). Дипломирал во мај 2022 година со просечна оценка 9,73.

Кандидатот во учебната 2022/2023 година се запишал на втор циклус студии на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, на насоката Софтверско инженерство. Студиите ги завршил во март 2026 година со просечен успех 9,29. На 3.3.2026 година го одбранил со успех магистерскиот труд на тема: „Софтвер за детекција на извори на загадување“.

Од октомври 2022 година е ангажиран како демонстратор на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

Кандидатот е автор/коавтор на 4 научни трудови објавени во меѓународни конференции и списанија, како и на учебно помагало: „Податочни структури“, наменето за студентите на ФИНКИ. Кандидатот бил дел од техничкиот комитет на 2 меѓународни конференции.

Кандидатот учествувал во еден научноистражувачки проект кофинансиран од ФИНКИ - „Со отворена податочна наука до почист воздух“ (CleanBreathe OpenData).

Кандидатот активно се служи со англискиот јазик, а има основни познавања од шпанскиот јазик.

Полиња од негов научен интерес се: машинско учење, анализа на временски серии, инженерство и анализа на големи податоци, софтверско инженерство.

Рецензентската комисија ги имаше предвид вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од почетокот на кариерата, како и вкупните научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата, врз основа на сета поднесена документација која е од важност за изборот.

## 2 Научни, стручни, педагошки и други остварувања на кандидатот од последниот избор до денот на пријавата

**Наставно-образовна дејност**

Во рамките на наставно-образовната дејност на УКИМ, кандидатот м-р Славе Темков изведува и/или има изведувано аудиториски и лабораториски вежби на прв циклус студии на сите студиски програми на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство, на следниве предмети: Алгоритми и податочни структури, Напреден веб-дизајн, Програмирање на видеоигри, Методологија за истражување во ИКТ, Тестирање на софтвер, Креативни вештини за решавање проблеми, Објектно-ориентирана анализа и дизајн и Софтверски квалитет и тестирање.

Кандидатот учествувал како член во Комисија за оцена и/или одбрана на 26 дипломски трудови на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство.

Кандидатот е коавтор на рецензирано учебно помагало под наслов: „Податочни структури“.

**Научноистражувачка дејност**

М-р Славе Темков има објавено вкупно 4 научни трудови од областа на компјутерските науки и инженерството како автор или коавтор, од кои 1 научен труд во меѓународно научно списание со импакт-фактор (фактор на влијание) и 3 труда на меѓународни научни конференции:

1. **S. Temkov**, “Explainable AI for discovering disease biomarkers: A survey,” in EAI/Springer Innovations in Communication and Computing (Springer, Cham, 2024), pp. 185–192.
2. Dodevska, M., Taneska, M. and **Temkov, S.** (2024, September). AI-Driven Security Mechanisms in Android: Securing Mobile Applications. In 16th ICT Innovations Conference 2024, Ohrid.
3. Cavkovski, P., **Temkov, S.**, Nikov, A., Lameski, P., Trajkovik, V. (2025, April). Platform for Environmental Data Crowdsensing and Visualization. In 22nd International Conference on Informatics and Information Technologies 2025, Strumica.
4. **Temkov, S.**, Cavkovski, P., Lameski, P., Zdravevski, E., Herzog, M. A., & Trajkovik, V. (2025). Air pollution data: A dataset gathered through a crowd sensing platform. Data in Brief, 61, 111683.

М-р Славе Темков учествувал во еден научноистражувачки проект кофинансиран од ФИНКИ - „Со отворена податочна наука до почист воздух“ (CleanBreathe OpenData).

**Стручно-апликативна дејност и дејност од поширок интерес**

М-р Славе Темков учествувал во техничкиот комитет на следните 2 конференции:

1. 22nd International Conference for Informatics and Information Technology - CIIT 2025, Струмица, Северна Македонија
2. 23rd International Conference for Informatics and Information Technology - CIIT 2026, Струга, Северна Македонија.

**Оценка од самоевалуација**

Кандидатот м-р Славе Темков доби позитивна оценка од анонимно спроведената анкета на студентите на Факултетот за информатички науки и компјутерсно инженерство во Скопје.

**ЗАКЛУЧОК И ПРЕДЛОГ**

Врз основа на целокупната доставена документација и личното познавање на кандидатот, Рецензентската комисија позитивно ја вреднува и ја оценува наставно-образовната, научноистражувачката и стручно-апликативната дејност, како и дејноста од поширок интерес на м-р Славе Темков.

Врз основа на изнесените податоци за севкупната активност на кандидатот од последниот избор до денес, Комисијата заклучи дека м-р Славе Темков поседува научни и стручни квалитети и според Законот за високото образование и Правилникот за посебните услови и постапката за избор во наставно-научни, научни, наставно-стручни и соработнички звања и демонстратори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, ги исполнува сите услови да биде избран во звањето асистент во научната област компјутерско инженерство, информатика и роботика.

Според гореизнесеното, Комисијата има чест и задоволство да му предложи на Наставно-научниот совет на Факултетот за информатички науки и компјутерско инженерство во Скопје, м-р Славе Темков да биде избран во звањето асистент во научната област компјутерско инженерство, информатика и роботика.

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Владимир Трајковиќ, с.р.**
**Проф. д-р Андреа Кулаков, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Петре Ламески, с.р.**

# ОБРАЗЕЦ 1
## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО НАСТАВНО-НАУЧНО, НАУЧНО, НАСТАВНО-СТРУЧНО И СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ

**Кандидат:** Славе Горан Темков
**Институција:** Факултет за информатички науки и компјутерско инженерство
**Научна област:** компјутерско инженерство, информатика и роботика

## ОПШТИ УСЛОВИ ЗА ИЗБОР ВО СОРАБОТНИЧКО ЗВАЊЕ – АСИСТЕНТ/АСИСТЕНТ ИСТРАЖУВАЧ

| **Ред. број** | **ОПШТИ УСЛОВИ** | **Исполнетост на општите услови да/не** |
|---|---|---|
| 1 | Има завршено прв и втор циклус академски студии со најмалку 300 ЕКТС-кредити | да |
| 2 | Стекнат назив – магистер од соодветната област<br>Назив на научната област: софтверско инженерство. | да |
| 3 | Остварен просечен успех од најмалку 8,00 (осум) на првиот и на вториот циклус академски студии посебно<br>Просечниот успех на прв циклус изнесува: 9,73.<br>Просечниот успех на втор циклус изнесува: 9,29. | да |
| 4 | Има познавање на најмалку еден странски јазик<br>1. Странски јазик: англиски јазик<br>2. Назив на документот: Уверение за познавање на англискиот јазик<br>3. Издавач на документот: Филолошки факултет „Блаже Конески“<br>4. Датум на издавање на документот: 30.12.2025. | да |

**РЕЦЕНЗЕНТСКА КОМИСИЈА**

**Проф. д-р Владимир Трајковиќ, с.р.**
**Проф. д-р Андреа Кулаков, с.р.**
**Вонр. проф. д-р Петре Ламески, с.р.**